0201- 1077/20-4
02.06.2020

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговски друштва како и член 36 од Правилата за котација на Македонската берза, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 30-та седница на Годишното Собрание, одржана на ден 02.06.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар

**Член 1**

Врз основа на Одлуката за распределба на добивката на Друштвото остварена во 2019 година, дивиденда во бруто износ од 146,00 денари по акција ќе биде исплатена на акционерите.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

**Член 2**

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 17.06.2020.

**Член 3**

Првиот датум тргување без право на дивиденда е 18.06.2020.

**Член 4**

Датумот на кој се определува листата на акционери со право на дивиденда ќе се утврди врз основа на Акционерската книга на 19.06.2020 до 16:00 часот.

**Член 5**

Исплатата на дивиденда ќе се изврши започнувајќи на 24.07.2020 година, а не подоцна од 30.09.2020 година.

**Член 6**

Одлуката стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на акционери
Претседавач,